Друштвото за ревизија, процена и финансиски консалтинг ЕЛИТ ДООЕЛ Скопје согласно член 35 од Законот за ревизија (Сл.весник на РМ бр. 158/10;135/11,150/12,188/13,43/14,138/14,145/15,192/15 23/16 и 83/18) објавува

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2022 година

**1.1.ОПИС НА ПРАВНАТА СТРУКТУРА И СОПСТВЕНОСТ**
**Име на субјект:** Друштвото за ревизија, процена и финансиски консалтинг ЕЛИТ ДООЕЛ Скопје;
**Правна форма:** Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице;
**Место на основање:** Скопје, Република Македонија
**Дата на основање:** 15.07.1994 година.
**Регистарски број на Друштвото во регистарот при ИООРМ:** број 22;
**Број на лиценца за работа:** Друштвото има добиено Лиценца за работа од СУНР со Регистарски број 18

**1.2. Број на вработени лица во Друштвото:**
**Вработени на неопределено полно работно време:** Во Друштвото, на 31.12.2022 година и на 31.03.2023 година има вработени четири лица, од кои двајца се овластени ревизори.

**1.3. Опис на сопственичка структура**
**Висина на основна главнина:** Основната главнина е во износ од 200.000,00 мкд;
**Сопственици според регистрација:** Единствен сопстваник на друштвото е овластениот ревизор Данче Зографска;
**Учество во субјектот**: сопственичкото учество изнесува 200.000,00 мкд или 100% од основната главнина;

**1.4. Приоритетна дејност/главна приходна дејност**
**Приоритетна дејност:** 69.20 Ревизорски и сметководствени работи;

**1.5. Друштвото нема основано подружници во земјава;**

**1.6. Друштвото нема основано други друштва во земјава;**

**1.7. Друштвото нема основано подружници во странство;**

**1.8. Друштвото нема основано други друштва во странство;.**

**1.9. Годишно осигурување од одговорност согласно Законот за ревизија**
**Минимална штета на покривање по штетен настан:** Друштвото има осигурителен лимит од 250.000 евра.
**Број на полиса:** Полисата број 13001О076575
**Период на осигурување:** од 03.01.2023 година до 03.01.2024 година**.**

**2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурните аранжмани во мрежата каде што припаѓа**
Друштвото делува на територијата на Република Македонија како локално друштво за ревизија и не припаѓа на меѓународни професионални мрежи. ЕЛИТ ДООЕЛ Скопје дава услуги на коминтенти што делуваат на пазарот во Република Македонија.
Друштвото е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија – Скопје.

**3. Опис на управувачката структура**
**3.1. Опис на начинот на управување во субјектот:** Во Друштвото највисок и единствен управувачки орган е Управителот-раководен партнер кој одлучува за сите стратешки прашања поврзани со работењето на Друштвото, воедно е и Проверувач на контрола на квалитет и Лидер за етика.Со оглед на големината на Друштвото и обемот на работа, постојната управувачка структура ги задоволува потребите.
**3.2. Состав на органи за управување** Управител е Данче Зографска, која истовремено е и овластен ревизор.

**4. Опис на внатрешниот систем на контрола**

**4.1. Вовед во поставеноста на внатрешниот систем на контрола:**

**- Цели на внатрешниот систем на контрола:** Во Друштвото за ревизија, процена и финансиски консалтинг ЕЛИТ ДООЕЛ Скопје, внатрешниот систем на контрола на квалитетот е креиран во насока која овозможува Друштвото со вработените да се придржува на професионалните стандарди и регулативните и правните барања, со цел да се стекне разумно уверување дека извештаите што се издадени од Друштвото се соодветни во околностите.

**- Поставеност на внатрешниот систем на контрола:** Поставеноста на внатрешниот систем на контрола е во согласност со:

-Меѓународниот Стандард за Контрола на Квалитетот 1 (МСКК 1) ; Контрола на квалитетот кај фирми кои вршат ревизии или проверки на историски финансиски информации и други ангажмани за уверување и поврзани услуги;

- Меѓународниот стандард за ревизија 220 Контрола на квалитетот на ревизии на историски финансиски информации.

Како подршка за одржување на системот на контрола на квалитет, а со цел утврдување на политики и процедури со кои се обезбедува независност, интегритет, професионалност и објективност во работењето донесени се Ревизорска методологија и Прирачник за ревизија на Друштвото, а кои обезбедуваат соодветна база за проверка на ефикасноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитетот.

**Изјава за ефикасност на функционирање на внатрешниот систем за контрола на квалитет**

*Партнерот-Управител потврдува дека Друштвото во своето работење има усвоено, доследно ги применува, се придржува и врши надзор кон соодветните политики и процедури, со кои се обезбедува независност, интегритет, професионалност и објективност во ревизорските и останатите ангажмани на уверување во текот на 2022 година. Овие политиките и процедурите се во согласност со политиките и процедурите воспоставени од професионалните стандарди и законската регулатива во земјата.*

**Изјавил**

*УПРАВИТЕЛ*

*ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР ,*

*Данче Зографска*

Друштво за ревизија, процена и финансиски консалтинг ЕЛИТ ДООЕЛ СКОПЈЕ

**4.2.Одговорност на раководството за внатрешниот систем за контрола на квалитет:** Севкупната одговорност за функционирањето на системот за контрола на квалитетот е дадена на Раководниот партнер.

**4.3. Релевантни етички барања:**

**Друштвото ги презема следните мерки за исполнување на етичките принципи:**

-Потпишување на изјави за независност на сите членови на тимот за секој поединечен ангажман.

-Потпишување на генерална изјави за доверливост и независност од сите вработени

**4.4. Политики кои се следат за прифаќање, продолжување или повлекување на ангажманот:**

- Друштвото и нејзините партнери прифаќаат нови ангажмани или ги продолжуваат постоечките ангажмани само со одобрување на партнерот кој го води ангажманот по проверката извршена од страна на (потенцијалниот) работен тим, а во согласност со политиките и процедурите на друштвото, по согледување на видот обемот и природата на ангажманот.

- Друштвото ги користи воспоставените процедури за да обезбеди разумно уверување дека тоа ги идентификува и проценува потенцијалните извори на ризик поврзани во односот со новиот клиент или специфичен ангажман. За секој нов клиент, мора да се изврши и документира проверка пред друштвото да го прифати ангажманот. Оваа проверка вклучува и проценка на ризиците поврзани со клиентот.

**4.5. Политики кои се однесуваат на човечките ресурси:**
**Вработување:** Друштвото вработува исклучиво висококобучени кадри со работно искуство во финансиската сфера.
**Оценување:** Се врши еднаш во годината;
**Унапредување:** По изминат работен стаж во Друштвото;
**Назначување на одговорни на ангажман:** Само овластените ревизори-партнери се назначуваат за одговорни на ангажмани;
**Назначување на членови на ангажман:** Помошниците ревизори се назначуваат за членови на работен тим на ангажмани;
**Назначување на експерти и специјалисти на ангажман:** Експерти и специјалисти се назначуваат само во околности кога тоа го бара самиот ангажман поради природата на дејноста или некои специфични околности;

**4.6. Политики и процедури кои се однесуваат на спроведување на ангажманот и вршењето на внатрешната контрола на квалитет од аспект на:**
**-користење компјутерски техники** Друштво користи компјутерски софтвер за ревизија CASEWARE програм и има разработен сопствен софтвер;
**- вршење надзор на внатрешниот систем на контрола на квалитет:** Преку следење на спроведувањето и довршувањето на ревизорските ангажмани, за кои се дизајнирани посебни програми.
**- критериум за селекција на ревизорски ангажмани – предмет на вршењето на внатрешната контрола на квалитет**: Големина и вид на друштвото; дали котира на пазарот за хартии од вредност и бројот на вработени.
**- број на спроведени внатрешни контроли на квалитет:** Три контроли.
**- опфат на контролите:** Проверка на целосен ангажман од прифаќање до довршување.

**4.7. Политики и процедури кои се однесуваат на следењето на внатрешниот систем на контрола на квалитет:** Друштвото има поставено сопствен сет на пропишани документи за следење на внатрешниот систем на контрола на квалитет.

**4.8. Политики и процедури за документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет:** Друштвото има воспоставено сопствен систем на документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет.

**5. Датум кога е извршена последна проверка за уверување во квалитетот**
**5.1. Период кога е извршена контролата:** Последна проверка за уверување во контрола на квалитетот е извршена во текот на Септември 2022 година.

**5.2. Период за кој се однесува контролата:** За извршените ревизии на финансиските извештаи за 2020 година.

**5.3. Предмет на контролата се друштвата**: Контрола на внатрешниот систем на контрола на квалитет и три поединечни ангажмани за ревизија на финансиските извештаи.

**6. Список на субјекти на кои е извршена законска и договорна ревизија во текот на 2022 година**
**Законски ревизии се извршени на финансиските извештаи на следните субјекти:**
АСТРА ЕЛЕКТРОНИК КОМПАНИ ДОО Скопје, АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ Скопје, АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО Скопје, АС МАШИНИ ДООЕЛ Кавадарци, АСТРА ЕЛЕКТРОНИК КОМПАНИ ДОО Скопје, ИНОВО БРОКЕР АД Скопје, ОКИТЕКС ДОО Скопје, СЕНАТОР МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, ФЛАМИНГО ДОО Скопје, СЕМАК ФЕШН КОМПАНИ КД Штип, ГЕС АД Скопје, УСА МАК АД Скопје, МАРКЕТ ДИЈАНА М ДООЕЛ Неготино, ТД-ТД ДОО Кавадарци, БАДЕВ ДООЕЛ Кавадарци, ЛАУРА ГМБХ Штип, КАВЕКС БАЛКАН ДООЕЛ Неготино, АУТОМОТИВ ГРУП ДООЕЛ Скопје, МАГНЕТИК ДООЕЛ Скопје, ФИБЕРНЕТ МК ДОО Скопје, ФЕЈДОМ ДОО Скопје, ГАЛА ДОО Кавадарци, МИН-ЕКС ДООЕЛ Кавадарци, ЛАРС ДООЕЛ

Штип, ЕКСТРА 03 ДОО Кавадарци, ОКЕАН КОМ ДОО Скопје, ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, ФРУКТ ИМПОРТ ДООЕЛ Скопје и СОНИКС ДООЕЛ Скопје.

**Договорни ревизии се извршени на финансиските извештаи на следните субјекти:**
ДИД ГРОУП ДООЕЛ Скопје, РИБНИК ТРОФТА ВРАНОВЦИ ДООЕЛ С.ГОРНО ВРАНОВЦИ, НИКОМ ДОО Скопје, МАР-КИР ДООЕЛ Скопје, КАМЕС ДООЕЛ Кавадарци, ИНТЕРФУТУРА ДОО Скопје и СИНДИКАТ НА ФУДБАЛЕРИ Скопје.

**7. Опис и изјава за независното работење на Друштвото**

***Изјава за независното работење на Друштвото***

*Партнерот-Управител потврдува дека Друштвото ЕЛИТ ДООЕЛ Скопје има усвоено и доследно ги применува процедурите за проверка на усогласеноста при утврдувањето на независноста во однос на сите клиенти. Со цел да се спречат било какви ограничувања во прифаќање на клиенти, сите вработени потпишуваат изјави за независност на листата со клиенти на Друштвото.*

**Изјавил**
***УПРАВИТЕЛ***

***ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР ,***

***Данче Зографска***

**8. Опис и изјава за политиката што ја следи Друштвото за едукација на овластените ревизори**

***Изјава за политиката што ја следи Друштвото за едукација на овластените ревизори***

*Партнерот-Управител потврдува, согласно одредбите од Законот за ревизија, дека:*
*- вработените овластени ревизори во Друштвото, во текот на 2022 година посетувале обука организирана од ИОРРМ, најмалку од 30 часа, во рамките на континуираното професионално усовршување заради надградување на знаењето од областа на сметководството и ревизијата. Овластените ревизори континуирана едукација остваруваат и преку следење на најнова стручна литература од областа на сметководството и ревизијата.*
*- вработените асистенти-ревизори во Друштвото, во текот на 2022 година посетувале интерни обуки организирани од Друштвото, најмалку од 20 часа во текот на годината, со цел стекнување и надградување на знаењето од областа на сметководството и ревизијата.*

**Изјавил**
***УПРАВИТЕЛ***

***ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР ,***

***Данче Зографска***

**9.Финансиски информации за остварениот вкупени приходи од работењето на ЕЛИТ ДООЕЛ,**

**9.1. Видови услуги кои ги врши Друштвото:**

- Ревизија на финансиски извештаи;
- Дополнителни услуги од уверување на квалитет
- Услуги за процена на вредност
- Консултантски корпоративни и даночни совети
- Подготовка на планови за стратегиски вложувања, анализи на исплатливост, бизнис планови, инвестициски програми, подготовка и проспекти за трансформација на друштва и нови емисии на акции.

**9.2.Финансиски информации за остварениот вкупени приходи во 2022/2021 година, расчленет во четири категории услуги.**

| | во илјади денари | |
|---|---|---|
| | **2022** | **2021** |
| Приходи од ревизорски услуги | 3,148 | 3,378 |
| Приходи од уверување на квал. и советодавни услуги | - | - |
| Даночни советодавни услуги | - | - |
| Други неревизорски приходи | 390 | 340 |
| **ВКУПНО** | **3,538** | **3,718** |

**10.Информација за основата по која се пресметува хонорарот на овластениот ревизор**

Хонорарот на овластениот ревизор се утврдува врз основа на видот и сложеноста на ангажманот, како и согледувањата за вкупниот обем на ангажманот пресметан во работни часови или работни денови. Утврдувањето на хонорарот на овластениот ревизор е исто така, тесно поврзан и прилагоден на пазарните услови.

**Скопје, 31 Март 2023 година.**

*УПРАВИТЕЛ*

*ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР ,*

*Данче Зографска*